# Биографија – Ивана Милковска Симева

**Заменик Генерален Директор**

Ивана Милковска Симева е родена на 02.09.1978 година во Штип. Дипломира на Архитектонскиот Факултет во Скопје, при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, каде ја стекнува титулата Дипломиран инжинер архитект.

Професионалното искуство го започнува во Февруари 2007 година во комерцијалниот сектор на ГД Гранит АД Скопје, каде е во постојана комуникација со сите домашни и странски добавувачи, ги следи цените на светските берзи и набавува материјали согласно динамиката на набавката, а во координација со динамичните планови на тековните проекти. Во август 2007 година е назначена за Советник на Генералниот Директор на ГД Гранит АД Скопје, каде за потребите на Генералниот Директор изготвува материјали, анализи, информации за работењето на Друштвото, контактира со раководители со цел собирање на информации, остварува контакти со деловни партнери во земјата и странство и изготвува упатства и наредби кои не се во делокругот на секторите. Во Февруари 2012 година е назначена за Помошник Генерален Директор со што станува одговорна за организација, координација и контрола над целокупното оперативно работење на Друштово, а во Мај 2014 година е назначена за Заменик Генерален Директор, функција која подразбира организација, контрола и следење над целокупното работење на Друштвото и негово претставување во отсуство на Генералниот Директор и функција која ја извршува до ден денес.

Од 06.05.2008 година се до 15.06.2016 година е член на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје, а во Јуни 2016 година е избрана за Претседател на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје.

# Биографија Виолета Божиноска

Директор на Сектор за правни, кадрови и општи работи

Родена е на 14.12.1957, во Скопје. Основното и Средното обрзование го завршува во родниот град. Дипломира на Правниот факултет Св. Кирил и Методиј во Скопје во февруари 1981, со што се стекна со називот дипломиран правник.

По дипломирањето, својата кариера како млад правник ја започнува во Гранит во Септември 1982, како референт за самоуправување.

Во април 1987 година е назначена за самостоен референ за самоуправување, а во март 1989 за виш самостоен референт за самоуправување.

Во октомври 1993 е назначена за виш самостоен референ за нормативна дејност и правни работи. Во овој период директно учествува во спроведување на постапката на приватизацијата на Друштвото во 1995 и 1996 година и поставувањето на темелите на Гранит како Акционерско Друштво кои успешно ја носат најголемата градежна фирма во Македонија и пошироко. Во овој период, учествува во формирањето на првиот Управен одбор, изработката на првиот деловник за работа на Управнит Одбор и Надзорнот Одбор, како и изработката на првиот Статут на Друштвото.

Во 1997 година е назначена за Директор на Сектор за правни, кадровски и општи работи, настанат со спојување на дотогашната Служба за правни работи и Секторот за кадоровски и општи работи. Во овој период директно учествува во утврдување на нова организациската поставеност и внатрешната организација на Друштвото, изготвување на нова систематизација на Друштвото и креирање на политиките на Друштвото.

Во 1998 година е назначена за член на Управниот одбор на Гранит, која функција ја извршува и денес. Како член на Управниот одбор, ги извршува задолженијата врзани со учество во управувањето и водењето на работите на Друштвото во целина, примена на законските и другите прописи и актите на Друштвото во остварувањето на дејноста на Друштвото, организација на извршувањето на работите и работните задачи од областа на правните, кадровските и општите работи во Друштвото.

Од 2005 година избрана е во два мандата за член на Надзорниот одбор на Здружението на правници на Македонија.

Горан Марковски е роден 10.10.1975 во Скопје. Во 1999 година дипломира на Економски факултет во Скопје, на отсек Финасиски менаџмент и сметководство. Во 2002 година магистрирал на истиот факултет, на тема: „Инвестиционите фондови и нивните перспективи во Република Македонија". Во 2006 година се стекнал со CFA сертификат, како и дозвола за портфолио менаџер издадена од КХВ на Србија. Од 2008 поседува дозвола за инвестиционен советник издадена од КХВ на Македонија. Од 1999 до 2002 година работи во Комерцијална банка АД Скопје како службеник за односи со клиенти, во Секторот за кредитирање на стопанство. Од 2002 до 2005 година работи како финансиски аналитичар во КБ Брокер. Од 2005 до 2008 година работи како директор на дирекцијата за работа со останати финансиски инструменти, каде што во најголем дел од активностите се насочени кон старателските сметки како и кон портфолиото на хартии од вредност на Банката. Во 2007 работи во Фокусинвест АД Белград како портфолио менаџер на еден од првите инвестициски фондови во Србија. Од 2008 година работел како Директор на дирекцијата за вршење услуги со хартии од вредност . Од 2008 до 2011 беше член на Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Од почетокот на 2009 година е главен извршен директор на КБ Публикум инвест АД Скопје- Друштво за управување со инвестициски фондови. Од јуни 2016 година е член на Надзорниот одбор на Гранит АД Скопје. Од јуни 2016 година до јуни 2019 година беше член на Надзорниот и Одборот за ревизија на Силкроуд банка АД Скопје. Од декември 2017 година е член на Надзорниот одбор на ЕВН Македонија.

Во изминатиот период редовно учествува како предавач на Обуките за брокери и инвестициски советници на темите поврзани со Етика и етички стандарди и управување со портфолио на клеинти во организација на Комисијата за хартии од вредност. Во 2019 и 2020 година предава на обуката за Портфолио Менаџер во организација на Академија за Банкарство и Информатичка Технологија-АБИТи Комисија за хартии од вредност. Исто така, во изминатиот период како гостин предавач учествува на предавања на Економскиот факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј и на American college Скопје, на теми поврзани со управување со портфолио, етика и инвестицистирање во хартии од вредност.